МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

СКОПЈЕ, ФЕВРУАРИ 2012 ГОДИНА

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Измената и дополнувањето на Законот за животна средина произлегуваат пред се од потребата за воведување на правен основ за подготовка на поедноставен елаборат за заштита на животната средина за дејности и активности кои се од помал обем како што се занаетчии, фармерии, земјоделци и трговци од мал обем.

Исто така, извршени се одредени дополнувања и во постапката за интегрирани еколошки дозволи и спречување и контрола на хавариите со присуство на опасни супстанции заради појаснување на одредени одредби од законот во насока на полесно спроведување на истиот.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со изменувањето и дополнувањето на Законот за животна средина ќе се овозможи на правните и физичките лица кои вршат дејности или активности кои се од помал обем и чие влијание врз животната средина е помало да подготват поедноставен елаборат за животна средина, се со цел намалување на нивните трошоци, а истовремено преземајќи мерки за заштита на животната средина.

Останатите измени и дополнувањата на Законот за животната средина се во насока на појаснување и прецизирање на постапката за спречување и контрола на хавариите со присуство на опасни супстанции. Имено, се направи подобрување на правните основи за донесување на подзаконските акти и подобрување на одредени одредби со цел поефикасно спроведување на одредбите од законот и овозможување на понатамошно усогласување со Директивата 96/82/ЕЗ на Советот за контрола на големи несреќи во кои се вклучени опасни супстанции.

Во делот на интегрираното спречување и контрола на загадувањето се врши прецизирање на одделни одредби.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ
НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Измените и дополнувањата на Законот нема финансиски импликации врз буџетот и другите јавни финансиски средства.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗАТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на предложените измени и дополнувања не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

Донесувањето на измените и дополнувањата на Законот за животната средина не предизвикуваат дополнителни трошоци во однос на администрацијата и засегнатите субјекти.

V. ПРЕГЛЕД НА РЕГУЛАТИВАТА ОД ДРУГИ ПРАВНИ СИСТЕМИ И УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ СО ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Со предложените измени и дополнувања на овој закон се врши понатамошно усогласување со Директивата 96/82/ЕЗ на Советот за контрола на големи несреќи во кои се вклучени опасни супстанции.

VI. ПРЕГЛЕД НА ПРОПИСИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ДОНЕСАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Подзаконски акти кои произлегуваат од законот:

- Формата и содржината на елаборатот согласно со видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, како и согласно големината на обемот на дејностите и активнстите кои што ги вршат правните и физичките лица, формата и содржината на елаборатот за дејности или активности кои се од помал обем, постапката за нивно одобрување, како и начинот на водење на Регистарот за одобрени елаборати ја пропишува министерот кој раководи со

органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

- Содржината на политиката за спречување на хаварии ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

Закон за изменување и дополнување
на Законот за животната средина

Член 1
Во Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05, 81/05, 24/07,159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), во член 22 став (1) запирката по зборот „ограничува“ се заменува со зборот „или“ а зборовите „или строго контролира “ се бришат.
По ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:
„(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина воведува мерки за контролира на увозот и извозот на опасните супстанции, штетните материи и производи во/од/низ Република Македонија.“
Ставот (2) станува став (3).

Член 2
Во членот 24 ставот (3) се менува и гласи:
„(3) Формата и содржината на елаборатот согласно со видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, како и согласно вршителите на дејноста и големината на обемот на дејностите и активностите кои ги вршат правните и физичките лица, постапката за нивно одобрување, како и начинот на водење на Регистарот за одобрени елаборати ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Обемот на дејносите и активностите се определува како дејности и активности од поголем и помал обем, при што дејности или активности од помал обем се определуваат согласно прописите за вршење на трговска, занаетчиска и змјоделска дејност.“

Член 3
Во членот 67 по ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:
(2) Доколку согласно прописите за донесување на одреден плански документ се бара тој да се носи во две фази и тоа како нацрт и предлог план, извештајот за стратегиската оцена на животната средина за планскиот документ се подготвува пред утврдувањето на нацрт планскиот документ и истиот е составен дел на предложениот нацрт плански документ.
Ставовите 2,3,4,5,6,7,8 и 9 стануваат ставови 3,4,5,6,7,8,9 и 10.

Член 4
Во член 72 по ставот (4) се додава нов став (5) кој гласи:
„(5) Оцената на соодветност на извештајот за животна средина од став (2) на овој член органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја објавува на својата веб страна во рок од пет дена од денот на донесувањето на оцената.“

Член 5
Во член 95 во ставот (2) запирката и зборовите „согласно со членот 123 од овој закон“ се бришат и се додаваат зборовите „или органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина кога се работи за инсталација која се наоѓа во заштитено подрачје, согласно со членот 123 од овој закон.“

Член 6
Во член 126 ставот (8) по ставот (25) станува став (26).

Член 7
Во член 135 ставот (2) се менува и гласи:

(2) Барањето од ставот (1) на овој член особено содржи:

1) Информации за операторот финансиски показатели за работењето на правното или на физичкото лице;

2) Опис на инсталацијата, нејзините технички делови и директно поврзаните активности;

3) Управување и контрола на инсталацијата;

4) Суровини и помошни материјали, други супстанции и енергии употребени или произведени во инсталацијата;

5) Ракување со материјалите;

6) Емисии (приказ на емисиите во сите медиуми и области на животната средина);

7) Состојби на локацијата и влијанието на активноста;

8) Опис на технологиите и другите техники за спречување, или доколку тоа не е можно, намалување на емисиите на загадувачките материи;

9) Места на мониторинг и земање примероци;

10) Еколошки аспекти и најдобри достапни техники;

11) Оперативен план;

12) Опис на други планирани превентивни мерки;

13) Ремедијација, престанок со работа, повторно започнување со работа и грижа по престанок на активностите и

14) Нетехнички преглед.

Ставот 3 се брише.

Ставовите 4, 5 и 6 стануваат 3, 4 и 5.

Член 8

Во членот 136 во ставот (1), (2) и (3) зборот „барањето“ се заменува со зборот „комплетното барање“.

Член 9

Во член 138 во ставот (5) зборовите „шест месеца“ се заменува со зборовите „30 дена“.

Член 10

Во член 145 во ставот (1) запирката после зборот „производствен“ и зборот „транспортен„ се бришат, а зборовите „пропишаните гранични вредности (прагови)“ се заменуваат со зборот „количините“.

Ставот 2 се менува и гласи:

„(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува опасните супстанции и граничните количини за присуство на истите од ставот (1) на овој член.“

По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Со прописот од ставот (2) на овој член, согласно видовите на опасните супстании и нивните колични, се определуваат операторите кои се должни да постапуват согласно членовите 147-а и 148 од овој закон.

Член 10

Во член 146 став (1) алинеја 4 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Алинеја 5 се менува и гласи:

- експлоатација (истражување, екстракција и преработка) на минерални суровини во рудници, каменоломи, со помош на бушотини, со исклучок на хемиските и термичките процеси и складирањето кое се однесува на операции каде се присутни опасни супстанции согласно со член 145 став (2) на овој закон.

По алинеја 5 се додаваат две нови алинеи кои гласат:

- крајбрежното проучување и експлоатација на минерали, вклучувајќи ги хидрокарбонатите, и

- депониите за отпад, вклучувајќи ги и подземните складови за отпад, со исклучок на објектите за отстранувањето на остатоци од руда каде се присутни опасни супстанции во количини еднакви или поголеми од количините определени со прописот од членот 145 став (2) на овој закон.

Член 11

Во член 146 –а став (2) зборот единаесет се заменува со девет, а зборовите „органот на државната управа надлежен за работите од областа на транспортот и врските“ и

зборовите „органот на државната управа надлежен за работите од областа на одбраната“ се бришат.

Член 12

Во член 147 став (1) зборот „работите“ се заменува со зборовите „вршење на стручни работи“.

Во став (2) точка 4) се менува и гласи:

„активноста што се врши или се предвидува да се врши во системот односно инсталацијата или во складот и“.

Во точка 5 точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите:

„вклучувајќи детали на елементите во соседството, како и локациите кои може да го зголемат ризикот од хаварија или од кумулативен ефект.“

Во став (3) по зборовите „системот“, се додаваат зборовите „или каква било промена на во процесот за обработка на истата и/или промени на системот или инсталацијата кои би можеле да имаат значителни влијанија врз опасноста од големи несреќи“, а зборот „работите“ се заменува со зборовите „вршење на стручни работи“.

Член 13

По член 147 се додава нов член 147 –а кој гласи:

„ Член 147-а

Политика за спречување на хаварии

(1) За системите во кои опасните супстанции се присутни во количини определени со прописот од членот 145 став (2) на овој закон, операторот е должен да достави политика за спречување на хаварии до органот на државната управа надлежен за стручните работи од областа на животната средина. Политиката за спречување на хаварии треба да биде во пишана форма и да гарантира висок степен на на заштита на луѓето и животната средина вклучувајќи ги целокупните цели и принципи на делувањето на операторот заради управување со ризикот од хаварија.

(2) Содржината на политиката за спречување на хаварии ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(3) Операторот е должен политиката за спречување на хаварии од став (1) на овој член да ја достави до органот на државната управа надлежен за стручните работи од областа на животната средина и тоа:

1) во рок од шест месеца пред започнувањето со градба или пред отпочнувањето на новите системи со работа и

2) во рок од една година од денот на отпочнувањето на примената на одредбите од оваа глава, за постоечките системи.

(4) Операторот е должен да ја анализира и ја ажурира политиката за спречување на хаварии најмалку на секои пет години. Ажурираната политика за спречување на хаварии се доставува до органот на државната управа надлежен за стручните работи од областа на животната средина.

(5) Органот на државната управа надлежен за стручните работи од областа на животната средина ја одобрува политика за спречување на хаварии, во рок од шест месеци од доставувањето на политиката за спречување на хаварии од страна на операторот.“

(6) За системите кои се должни да подготвува извештај за мерките за безбедност согласно член 148 од овој закон, политката за спречување на хаварии се вклучува како составен дел на извештајот.

Член 14

Во член 148 став (1) зборовите „пропишаните количества“ се заменуваат со зборовите „количините определени со прописот од членот 145 став (2) на овој закон“, а зборот „работите“ се заменуваат со зборовите „вршење на стручни работи“.
Во ставот (1) точката 1) се менува и гласи:
„политиката за спречување на хаварии и системот за управување со безбедност се подготвени;“
По точката (4) се додава нова точка (5) која гласи:
„(5) се обезбедени доволни информации до надлежните органи со цел да се овозможи донесување на одлуки со кои ќе се дефинираат новите активности и/или настани во блиската околина на постоечките системи.
Во ставот (3) зборот „работите“ се заменуваат со зборовите „вршење на стручни работи“, а по точката 2) се додава нова точка 3) која гласи:
„3) во случај на ревидирање согласно став (6) на овој член веднаш без одлагање“
Ставот (4) се менува и гласи:
„Органот на државната управа надлежен за стручните работи од областа на животната средина по претходно добиено мислење од органот на државната управа надлежен за работите од областа на заштита и спасување, органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството, органот на државната управа надлежен за работите од областа на трудот, органот на државната управа надлежен за работите од областа на економијата, органот на државната управа надлежен за работите од областа на внатрешните работи во рок од осум месеци од приемот на извештајот за мерките за безбедност:
- му ги испраќа заклучоците од своето испитување на извештајот за мерките за безбедност на операторот или
- го забранува воведувањето во употреба или продолжувањето со употреба на системот во согласност член 152 од овој член.“

Член 15

Член 149 се менува и гласи:
„Во случај на промена во инсталацијата, системот, процесот на производство или на видот или количината на опасни супстанции, што би имале значително влијание врз можноста за хаварија, операторот е должен да изврши анализа и ревизија на планот за спречување на хаварии и како и на извештајот за мерките за безбедноста и за тоа да го извести органот на државната управа надлежен за стручните работи од областа на животната средина во рок од шест месеци пред да ја направи промената.“

Член 15

Во членот 151 по ставот (4) се додава нов став (5) кој гласи:
(5) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ги пропишува критериумите врз основа на кои се определува во кои случаи се смета дека одредена несреќа е хаварија.

Член 16

Во член 152 ставот (1) и (2) се менуваат и гласат:
„(1) Органот на државната управа надлежен за стручните работи од областа на животната средина воспоставува и одржува Регистар за системите во кои се присутни опасни супстанции, и во кои се случиле хаварии на територијата на Република Македонија, со цел да се овозможи:
(а) брза дистрибуција на информациите до надлежните органи и субјекти во Република Македонија и до органите на соседните држави кога е потребни;
(б) дистрибуција до надлежните органи на анализа на причините на хаварии и искуствата научени од истите;
(в) доставување на информации до надлежните органи за превентивни мерки;
(г) обезбедување на информации за организации што се во можност да обезбедат совети или релевантни информации за појавувањето, спречувањето и олеснувањето на хаварии.
(2) Регистарот од став (1) содржи, најмалку:
(а) информации доставени од надлежните органи или од соседните држави;
(б) анализа на причините за несреќите;

(в) лекциите научени од несреќите;
(г) превентивните мерки потребни за да се спречи повторно појавување на хаваријата, и
(д) информации за случените хаварии.
По став 2 се додава нов став 3 кој гласи:
(3) Согласно член 55 од овој закон пристапот до регистарот од став (1) на овој член е достапен на органите на државната управа, органите на општините, на градот Скопје и општините во градот Скопје, на здруженија на индустрии или трговски здруженија, синдикати, невладини организации од полето на заштита на животната средина и други меѓународни организации или организации за истражување кои работат на тоа поле.
Ставовите 3,4,5 и 6 стануваат ставови 4,5,6 и 7.

Член 16

Членот 156 се менува и гласи:

„Член 156

Прекугранични ефекти од хавариите и прекугранична соработка

(1) Во случај на хаварија на систем што се наоѓа на територијата на Република Македонија што предизвикува или може да предизвика прекугранични ефекти органот на државната управа надлежен за работите од областа на управување со кризи без одложување ги известува засегнатите држави на соодветни нивоа, преку системите за известување за индустриски несреќи.

(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, а по претходно мислење од Центарот за управање со кризи и Дрекцијата за заштита и спасување, донесува Стандардни оперативни процедури за рано предупредување, известување за прекугранични последици од индустриски несреќи и взаемна помош согласно Конвенцијата за прекуграничните последици од индустриски несреќи.

(3) Во случај на хаварија органот на државната управа надлежен за работите од областа на заштита и спасување може да се обрати за помош до другите држави при што го наведува обемот и видот на помошта што се бара.“

Член 17

Во член 208 став 13 зборовите „Државниот инспекторат за животна средина“ се заменуваат со зборовите „органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.“

Член 18

Во член 212 – в во ставот (6) зборот „можат“ се заменува со зборовите „е должен“

Член 19

Во член 212 – ж став 1 во точката 5 зборовите „не е добиена А или Б интегрирана еколошка дозвола согласно со закон и/или“се бришат.
Во став (6) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите „во времетрање од 30 дена.“

Член 20

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за животната средина.

Член 21

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

I. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Во член 24 став (3) се врши промена на правниот основ за донесување на Правилникот за формата и содржината на елаборатот согласно со видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, постапката за нивно одобрување, како и начинот на водење на Регистарот за одобрени елаборати. Целта е донесување поедноставен елаборат за заштита на животната средина за правните и физичките лица кои вршат дејности или активности од помал обем како што се земјоделци, знаетчии, фармери и трговци од мал обем.

Во член 67 по став (1) се додава нов став (2) со кој се врши појаснување дека доколку се работи за донесување на плански документ кој се носи во две фази постапката за стратегиска оцена односно подготовката на извештајот за стратешка оцена на влијанието врз животната средина започнува да се спроведува пред утврдувањето на нацрт планскиот документ и истиот е составен дел на нацрт планскиот документ.

Член 72 се дополнува со нов став (5) со кој се воведува обврска за Министерството за животна средина и просторно планирање задолжително да ја објави оцената на соодветноста на извештајот за животната средина на својата веб страна со што се обезбедува можноста на јавноста да биде запознаена со оцената на соодветноста на извештајот за животна средина.

Со изменување и дополнување на членовите 95, 126, 135, 136 и 138 се врши само подобрување и корегирање на одредбите од законот кои се однесуваат на постапката за интегрирано спречување и контрола на загадувањето.

Измените на членот 147 се во насока на усогласување на законот со Директивата 96/82/ЕЗ на Советот за контрола на големи несреќи во кои се вклучени опасни супстанции.

Воведување на членот 147 – а пропишува подготовката на политика за спречување на хаварии со која се гарантира висок степен на заштита на животната средина. Обврската за подготовка на политика за спречување на хаварии се однесува на системите во кои опасните супстанции не се присутни во количина која што е дефинирана согласно Правилникот за опасните супстанции, гранични вредности (прагови) за присуство на опасните супстанции и критериумите или својствата според кои супстанцијата се класифицира како опасна. Ваквата обврска произлегува од претходноспоменатата директива.

Со измените на член 146 се врши усогласување на законот со Директивата во однос на пропишување на исклучоците за кои одредени инсталации се иземени од обврските кои произлегуваат од оваа глава.

Во членот 146-а се врши измена на членовите на меѓуресорското тело за спречување и контрола на хаварии со присуство на опасни супстанции односно се намалува од 11 на девет. Измените се согласно членот 146 во кој се наведува дека одредбите од главата за спречување и контрола на хаварии со присуство на опасни супстанции не се применува на инсталации и складишта на вооружените сили, како и на траснпортот на опасните супстанции по јавни патишта, железница, внатрешните и водни патишта или воздухот и нивното привремено складирање.

Во членот 147 се прави измена во однос на доставувањето на известувањето кое наместо до Министерството за животна средина и просторно планирање ќе се доставува до Управата за животна средина и просторно планирање.

Со воведувањето на член 147-а се воведува политика за спречување на хаварии. Системите кои имаат помало количество на опасни супстанции имаат обврска за подготовка на политиката додека оние системи во кои количеството на опасни супстанции е поголемо политиката за спречување на хаварии е дел од извештајот за мерките за безбедност.

Со додавање на нов став 5 во членот 151 се воведува правен основ врз основа на кои се пропишуваат критериумите врз основа на кои се определува во кои случаи одредена несреќа е хаварија.

Промената на член 152 од Законот е со цел усогласување на законот со Директивата 96/82/ЕЗ кој се однесува на воспоставувањето и одржувањето на Регистарот за системите во кои се присутни опасни супстанции и во кои се случиле хаварии на територијата на Република Македонија.

Во член 156 се врши појаснување и подобрување на членот со цел јасно дефинирање на надлежностите во случај на хаварија и нејзиното прекугранично влијание.

Измените во член 208, 212-в и 212-ж се со цел подобрување на текстот на одредбите на законот.

II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Измените и дополнувањата на Законот се однесуваат на подобрување на правните основи за донесување на подзаконски акти, појаснување и допрецизирање на одредбите за спречување и контрола на хаварии и постапката за издавање на интегрирани еколошки дозволи.

III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со донесување на измените и дополнувањата на Законот ќе се овозможи подобрување на одредбите на законот со цел негово полесно спроведување како и олеснување на подготовката на елаборати за заштита на животната средина за правните и физички лица кои вршат дејноси и активности од помал обем.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ШТО СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 22

**Ограничување и контрола на извозот и увозот на одделни супстанции и производи**

(1) Заради заштита на животот и здравјето на луѓето и на животната средина, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на економијата, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството, го ограничува, забранува или строго контролира увозот и извозот на опасните супстанции, штетните материи и производи во/од/низ Република Македонија.

(2) Заради заштита на животната средина и здравјето на луѓето, Владата на Република Македонија, на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во согласност со органот на државната управа надлежен за работите од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството, ги определува поблиските услови за увоз, извоз и транзит на опасните супстанции, штетните материи и производи, како и на одделни полупроизводи, суровини и стоки кои се под посебен режим на увоз, извоз и транзит во/од/низ Република Македонија.

Член 24

**Елаборат за заштита на животната средина**

(1) Правни или физички лица кои вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои, согласно со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват елаборат за заштита на животната средина со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина (во натамошниот текст: елаборат), пред да започнат со спроведувањето на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

(2) Надлежниот орган за одобрување на спроведувањето на проектот од ставот (1) на овој член кој го одобрува вршењето на дејностите или активностите е должен елаборатот во рок од пет дена од денот на приемот да го достави до органот надлежен за одобрување на елаборатот согласно со видовите на дејноста или активноста утврдени со прописот донесен врз основа на ставовите (4) и (5) од овој член.

(3) Формата и содржината на елаборатот согласно со видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, постапката за нивно одобрување, како и начинот на водење на Регистарот за одобрени елаборати, ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(4) Владата на Република Македонија, на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, ги определува дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина.

(5) Владата на Република Македонија, на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, ги определува дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општината во градот Скопје

(6) Постојните правни и физички лица кои вршат дејности и активности определени со прописите од ставовите (4) и (5) на овој член се должни да изработат елаборат или да го изменат постојниот елаборат со цел да го усогласат своето работење со пропишаните стандарди за квалитет на животната средина и пропишаните гранични вредности на емисии.

(7) Органот надлежен за одобрување на елаборатот од ставовите (4) и (5) на овој член издава решение со кое го одобрува елаборатот или не го одобрува елаборатот, како и

рокот за секој постоен капацитет во кој треба да се усогласи со пропишаните стандарди за квалитет на животната средина и пропишаните гранични вредности на емисии во согласност со постапката утврдена во ставот (3) од овој член.
(8) Органот надлежен за одобрување на спроведувањето на елаборатот од ставот (1) на овој член ќе одбие спроведувањето на проект, односно ќе одбие одобрување на вршење на дејностите или активностите доколку не се обезбеди решение за одобрување на елаборатот од надлежниот орган утврден во согласност со прописот донесен врз основа на ставовите (4) и (5) од овој член.
(9) Органот надлежен за одобрување на елаборатот од ставовите (4) и (5) на овој член води Регистар за одобрените елаборати.
(10) На решението од ставот (7) на овој член, правните и физичките лица имаат право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина."
(11) Надлежниот орган за одобрување на елаборатот од став (7) на овој член е должен да донесе решение со кое го одобрува елаборатот или не го одобрува елаборатот, во рок од 30 дена од денот на приемот на елаборатот од став (2) на овој член.
(12) Доколку надлежниот орган за одобрување на елаборатот утврди дека елаборатот не ги содржи барањата од став (3) на овој член, ќе побара правното или физичкото лице да го дополни елаборатот во рок од 15 дена.
(13) Доколку надлежниот орган за одобрување на елаборатот не донесе решение со кое го одобрува или не го одобрува елаборатот во рокот пропишан со ставот (11) на овој член, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена да поднесе барање до писарницата на министерот кој раководи со органотна државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, односно до писарницата на градоначалникот на општината, на општината во градот Скопје и на градот Скопје да донесе решение со кое се одобрува елаборатот. Доколку министерот, односно градоначалникот нема писарница барањето се поднесува во писарницата на седиштето на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, односно до седиштето на општината , општината во градот Скопје и градот Скопје.
(14) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (13) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(15) Кон барањето од ставот (13) на овој член, подносителот на барањето поднесува копија од елаборатот од ставот (1) на овој.
(16) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, односно градоначалникот на општината, на општината во градот Скопје и на градот Скопје е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот (13) на овој член до писарницата да поднесе решение за одобрување или неодобрување на елаборатот.“
(17) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина , односно градоначалникот на општината , на општината во градот Скопје и на градот Скопје не го поднесе решението од ставот (16) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.
(18) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (17) на овој член да изврши надзор кај надлежниот орган за одобрување на елаборатот дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за утврдената состојба при извршениот надзор.
(19) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина , односно градоначалникот на општината , на општината во градот Скопје и на градот Скопје во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање од ставот (13) на овој член, односно да го одобри или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.
(20) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, односно градоначалникот на

општината, на општината во градот Скопје и на градот Скопје не одлучи во рокот од ставот (19) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена вомкој министерот, односно градоначалникот ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
(21) Доколку министерот, односно градоначалникот не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (20) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
(22) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (17) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.
(23) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од ставот (22) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил согласно со ставовите (18) и (19) на овој член и/или не поднесол пријава согласно со ставовите (20) и (21) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за инспекторот за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, односно општината, општината во градот Скопје и градот Скопје дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
(24) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (23) на овој член, директо рот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
(25) Во случаите од ставот (24) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.
(26) Во случаите од ставот (25) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
(27) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (22) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.
(28) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, односно градоначалникот на општината, на општината во градот Скопје и на градот Скопје не одлучи во рокот од ставот (21) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.
(29) Подзаконскиот акт од ставот 14 на овој член се донесува во рок од 15 дена од денот на донесувањето на овој закон.
(30) Со донесувањето на подзаконскиот акт од ставот (2) на овој член истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(31) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина не го донесе решението од ставот (10) на овој член во рок од 30 дена, подносителот на жалбата може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.
(32) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (31) на овој член да изврши надзор кај органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор ќе го информира подносителот на жалбата за утврдената состојба при извршениот надзор.

(33) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во рок од десет дена да одлучи по поднесената жалба од ставот (10) на овој член и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.
(34) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина не одлучи во рокот од ставот (33) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој министерот ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
(35) Доколку министерот не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (34) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
(36) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (31) на овој член, подносителот на жалбата во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.
(37) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од ставот (36) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на жалбата согласно со ставовите (32) и (33) на овој член и/или не поднесол пријава согласно со ставовите (34) и (35) на овој член, Директорот на државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
(38) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (37) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
(39) Во случаите од ставот (38) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.
(40) Во случаите од ставот (18) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
(41) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (37) на овој член, подносителот на жалбата може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.
(42) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина не одлучи во рокот од ставот (35) на овој член, подносителот на жалбата може да поведе управен спор пред надлежниот суд.
(43) Постапката пред Управниот суд е итна.“

Член 67

**Извештај за стратегиската оцена на животната средина**

(1) Кога е потребно спроведување на стратегиска оцена на влијанијата врз животната средина, во согласност со членот 65 од овој закон, органот кој го подготвува планскиот документ изготвува извештај за стратегиска оцена на животната средина (во натамошниот текст: извештај за животната средина). „во текот на изработката на

планскиот документ, односно пред да биде истиот доставен на усвојување од надлежниот орган“.

(2) Владата на Република Македонија на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја пропишува содржината на извештајот за животната средина„во кој се идентификуваат, опишуваат и оценуваат можните влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето од имплементацијата на планскиот документ и изводливите алтернативи земајќи ги предвид целите и географскиот опсег на планскиот документ“.

(3) При определувањето на обемот и на деталноста на информациите во извештајот за животната средина, органот кој ја спроведува стратегиската оцена е должен да побара мислење од органите кои се засегнати од имплементацијата на планскиот документ.

(4) При определувањето на обемот и на деталноста на информациите, во согласност со ставот (2) од овој член, органот кој ја спроведува стратегиската оцена треба да ги земе предвид постоечките знаења и методи на оценување, содржината и нивото на деталност на планските документи и нивниот удел во процесот на одлучување, интересите на јавноста и потребата од информации на органот кој одлучува.

(5) Органот кој го подготвува планскиот документ за изготвувањето на извештајот за животната средина, ангажира најмалку едно лице од Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина од членот 68 на овој закон, кој го потпишува извештајот како одговорно лице за неговиот квалитет. Доколку извештајот за животната средина го изго-твуваат повеќе лица, или други експерти или правни лица, тогаш извештајот задолжител-но го потпишува најмалку едно лице од Листата на експерти од членот 68 на овој закон, како одговорно лице за неговиот квалитет.

(6) Стратегиската оцена на планските документи кои ги донесуваат општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, ја спроведува градоначалникот на општината, гра-доначалникот на градот Скопје и градоначалниците на општините во градот Скопје.

(7) Во случај кога стратегиска оцена се спроведува на плански документ кој произлегува од друг повисок плански документ за кој претходно била спроведена стратегиска оцена, органот кој го подготвува планскиот документ треба да ги земе предвид релевантните расположливи информации за ефектот на повисокиот плански документ врз животната средина кои биле добиени при донесувањето на тој плански документ.

(8) Во случаите од ставот (9) на овој член извештајот за стратегиската оцена на животната средина ги вклучува информациите кои реално се потребни за донесување на понискиот плански документ, а кои согласно со постојните знаења и методи на оценување, содржината и деталноста на повисокиот плански документ, фазата и нивото на донесувањето придонесуваат кон правилна оцена на влијанието на понискиот плански документ врз животната средина и се овозможува избегнување на дуплирање на оценувањето на влијанието врз животната средина.

(9) Во извештајот за животната средина од ставот (1) на овој член е потребно да се вклучат релевантни информации за влијанието врз животната средина и здравјето на луѓето од спроведувањето на планскиот документ кои се содржани во правни акти или одлуки донесени од други органи.“

Член 72

**Оцена на извештајот за животната средина**

(1) „Органот кој го подготвува планскиот документ е должен во извештајот за животната средина да ги вгради мислењата добиени во постапката за консултација со јавноста согласно со членот 69 од овој закон и во постапката за прекуграничната консултација согласно со членот 70 од овој закон и заедно со планскиот документ и извештајот за консултација со јавноста од членот 69 став (4) на овој закон, да ги достави до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.“

(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја оценува соодветноста на извештајот за животната средина во рок од 60 дена од денот на доставувањето на документацијата од ставот (1) на овој член и истата ја доставува до органот кој го усвојува планскиот документ.

(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина може да овласти лица за оценување на извештајот за животната средина од Листата од членот 68 на овој закон, кое не учествувале во подготовката на извештајот.

(4) Кога за подготовка на планскиот документ е надлежен органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, извештајот за животната средина заедно со оцената на соодветноста на извештајот го прави достапен за јавноста.

Член 95

**Општа одредба**

(1) Активностите на новите инсталации или значителните промени на постоечките, кои ги определува Владата на Република Македонија, можат да се вршат само по претходно добиена интегрирана еколошка дозвола освен, ако:

- инсталацијата се дефинира како постоечка според членот 5 точка 36 од овој закон во кој случај се применува членот 134 од овој закон и
- операторот на инсталацијата која започнува со работа пред 31 декември 2009 година одлучил да поднесе барање за дозвола за усогласување со оперативен план, во согласност со временскиот распоред од членот 135 став (5) на овој закон и со одредбите од Главата XIV на овој закон.

(2) Дозволата од ставот (1) на овој член се издава како А-интегрирана еколошка дозвола, која ја издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина или Б- интегрирана еколошка дозвола, која ја издаваат општината или градот Скопје, согласно со членот 123 од овој закон.

Член 126

**Издавање на Б-интегрираната еколошка дозвола**

(1) Ако надлежниот орган од членот 123 став (1) на овој закон, врз основа на целосното барање, утврди дека влијанието на инсталацијата врз животната средина е во рамките на пропишаните граници и вредности, тој е должен да донесе решение со кое се издава Б-интегрираната еколошка дозвола, во рок од 60 дена од денот на приемот на барањето.

(2) Против решението на градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје од ставот (1) на овој член, операторот на инсталација има право да поднесе жалба до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на решението.

(3) Против решението на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина од ставот (1) на овој член, операторот на инсталација има право да поднесе жалба до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на донесувањето на решението.

(4) Жалба против решението од ставовите (2) и (3) на овој член можат да поднесат засегнати правни и физички лица, како и здруженија на граѓани основани заради унапредување и заштита на животната средина, до органите наведени во ставовите (2) и (3) од овој член.“

(5) Градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје е должен да води општински регистар на Б-интегрирани еколошки дозволи за своето подрачје, како и да достави копија до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(6) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина води и одржува Регистар на издадени Б-интегрирани еколошки дозволи.

(7) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува формата, содржината и начинот на водењето на Регистарот од ставовите (4) и (5) на овој член, како и начинот на доставување на податоците за упис во Регистарот.

(8) Кога покрај Б-интегрирана еколошка дозвола за инсталацијата се потребни добивање на други дозволи поврзани со користење и експлоатација на природни богатства или дозволи за испуштања во животната средина, органот надлежен за издавање на Б-интегрираната дозвола од членот 123 став (1) на овој закон нема да ја издаде дозволата доколку инвеститорот не ги обезбеди потребните дозволи. Условите и мерките утврдени во другите дозволи соодветно се вградуваат во Б-интегрираната еколошка дозвола.

(9) Доколку органот од членот 124 став (1) на овој закон не донесе решение со кое се издава Б - интегрирана еколошка дозвола, односно не донесе решение со кое се одбива барањето за издавање на Б - интегрирана еколошка дозвола, во рокот пропишан со

членот 126 став (1) на овој закон, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена по истекот на тој рок да поднесе барање до писарницата на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, односно до писарницата на градоначалникот на општината и на градот Скопје, за донесување на решение со кое ќе констатира дека барањето од членот 124 став (1) на овој закон е уважено. Доколку министерот, односно градоначалникот нема писарница барањето се поднесува во писарницата на седиштето на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, односно до седиштето на општината и на градот Скопје.
(10) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (9) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(11) Кон барањето од ставот (9) на овој член, подносителот на барањето поднесува копија од барањето од членот 124 став (1) на овој закон.
(12) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, односно градоначалникот на општината и на градот Скопје, е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот (9) на овој член до писарницата, да донесе решение за издавање или одбивање на издавање на Б - интегрирана еколошка дозвола.
(13) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, односно градоначалникот на општината и на градот Скопје не го донесе решението од ставот (11) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.
(14) Државниот управен инспекторат е должен во рок од u1076 десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (13) на овој член да изврши надзор кај надлежниот орган за издавање на Б - интегрирана еколошка дозвола дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за утврдената состојба при извршениот надзор.
(15) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на
животната средина, односно градоначалникот на општината и на градот Скопје во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање од ставот (9) на овој член, односно да го одобри или одбие барањето и да го извести инспекторот за
донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање за преземените мерки.
(16) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, односно градоначалникот на општината и на градот Скопје не одлучи во рокот од ставот (15) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој министерот , односно градоначалникот ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
(17) Доколку министерот, односно градоначалникот не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (16) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
(18) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (13) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни u1076 дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на државниот управен инспекторат.
(19) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од ставот (18) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето согласно со ставовите (14) и (15) на овој член и/или не поднесол пријава согласно со

ставовите (16) и (17) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, односно во општината и градот Скопје дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
(20) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (19) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
(21) Во случаите од ставот (24) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.
(22) Во случаите од ставот (21) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
(23) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (18) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.
(24) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, односно градоначалникот на општината и на градот Скопје не одлучи во рокот од ставот (17) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.
(25) Постапката пред Управниот суд е итна. (26) Подзаконскиот акт од ставот (10) на овој член се донесува во рок од 15 дена од денот на донесувањето на овој закон. (27) По донесувањето на подзаконскиот акт од ставот (10) на овој член истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.“
(8) Органот кој ја издал Б-интегрираната еколошка дозвола е должен на секои седум години да ги провери условите утврдени со дозволата и доколку настанале измени во прописите за заштита на животната средина кои можат да влијаат врз работењето на инсталацијата е должен да покрене постапка за измена на Б-интегрираната еколошка дозвола.

Член 135

**Барање за добивање дозвола за усогласување со оперативен план**

(1) Постапката за добивање дозвола за усогласување со оперативен план започнува со доставување барање за добивање дозвола за усогласување заедно со предлогот на оперативниот план, до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, кога се работи за инсталација за којашто е потребна А-интегрирана еколошка дозвола, односно за Б-интегрирана еколошка дозвола за инсталација во заштитено подрачје и до градоначалникот на општината, односно градоначалникот на градот Скопје, кога се работи за инсталација за којашто е потребна Б- интегрирана еколошка дозвола.
(2) Барањето од ставот (1) на овој член особено содржи:
10)финансиски показатели за работењето на правното или на физичкото лице;
11)број и структура на вработените;
12)податоци за операторот и за локацијата на којашто се наоѓа инсталацијата;
13)опис на инсталацијата и на нејзините активности;
14)приказ на емисиите во сите медиуми и области на животната средина;
15)податоци за отпадот, суровините и за користењето на природните богатства и енергијата;
16)оцена на состојбата на животната средина во околината на инсталацијата;
17)предлог на оперативен план, со рокови за неговата реализација и план за финансирање;
18)извештај за состојбата на локацијата;
15) оцена на уделот на инсталацијата во загадувањето на животната средина и
16) оцена на ризикот за животната средина.
(3) Документите кои ги содржат податоците од ставот (2) точки 9, 10 и 11 на овој член се изготвуваат под надзор и со консултација со органот на државната управа надлежен

за работите од областа на животната средина за А-интегрирана еколошка дозвола и за Б-интегрирана еколошка дозвола во заштитени подрачја, односно со општината или градот Скопје за Б-интегрирана еколошка дозвола.

(4) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, поблиску ги пропишува формата, содржината и начинот на доставување на барањето од ставот (1) на овој член, како и документацијата која се приложува кон барањето.

(5) Операторите се должни барањето од ставот (1) на овој член да го достават до надлежниот орган од членот 135 став (1) на овој закон, почнувајќи од 1 јануари 2006 година и најкасно до 31 декември 2009 година, а во согласност со временскиот распоред што го утврдува Владата на Република Македонија, на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(6) Временскиот распоред од ставот (5) на овој член се утврдува како временски интервал од шест месеца, посебно за секој индустриски сектор.

Член 136

**на барањето за дозвола за усогласување со оперативен план и одржу-вање на јавна расправа**

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје се должни барањето за добивање на дозвола за усогласување со предлогот на оперативниот план да го објават во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија, во рок од седум дена од денот на приемот на комплетното барање, со информации каде што јавноста може да има пристап до истото за да го разгледа во целост и/или да даде мислење. објавата на барањето е на трошок на барателот на дозволата

(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје, можат да организираат јавна расправа во рок не подолг од 25 дена од денот на објавувањето на барањето.

(3) Засегнатата јавност, во рок од 30 дена од денот на објавувањето на барањето, има право да достави мислења и коментари до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, односно до градоначалникот на општината или градоначалникот на градот Скопје.

(4) По исклучок од ставот (2) на овој член надлежниот орган за издавање на дозволата е должен да организира јавна расправа од ставот (2) на овој член, кога до него е доставено барање за одржување на јавна расправа во рок од 20 дена од денот на објавувањето на барањето:

- од страна на најмалку едно здружение на граѓани за заштита и унапредување на животната средина,
- од страна на најмалку еден субјект од засегната јавност и
- тоа го барале градоначалникот на општината и/или градоначалникот на општините во градот Скопје, и/или градоначалникот на градот Скопје во случај на издавање на дозволи за усогласување со оперативен план за А-интегрирани еколошки дозволи и Б - интегрирани еколошки дозволи.

Член 138

**Рок за реализација**

(1) Операторите се должни оперативните планови да ги реализираат во поединечно утврдениот рок, но не подоцна од 1 април 2014 година.

(2) Поединечниот рок за реализација на оперативните планови, од ставот (1) на овој член, се утврдува во оперативниот план за секоја инсталација посебно, според влијанието врз животна средина, емисиите и обемот на емисиите од секоја инсталација, финансиската можност за реализација на оперативниот план, бројот и структурата на вработените, локацијата и местоположбата на инсталацијата и техничката опременост на инсталацијата.

(3) Поединечните рокови за реализација на оперативните планови од ставот (1) на овој член, за инсталации кои треба да поседуваат А-интегрирана еколошка дозвола, се определува во временска рамка која е доволна за постигнување на условите за добивање на А-интегрирана еколошка дозвола.

(4) Поединечните рокови за реализација на оперативните планови од ставот (1) на овој член, за инсталации кои треба да поседуваат Б-интегрирана еколошка дозвола, се

определува во временска рамка која е доволна за постигнување на условите за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола.

(5) Операторот е должен во рок од шест месеца пред истекот на поединечниот рок за реализацијата на оперативниот план од ставот (2) на овој член и исполнувањето на обврските од оперативниот план, да го извести надлежниот орган од членот 135 став (1) на овој закон.

(6) Врз основа на известувањето од ставот (5) на овој член за исполнување на обврските од оепративниот план, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува решение со кое се издава А-интегрирана еколошка дозвола во согласност со членовите 107 став (13) и 108 ставови (1), (2), (5), (6), (7), (8) и (9) од овој закон, односно со членовите 126 и 127 ставови (2), (4) и (5) од овој закон за Б-интегрирани еколошки дозволи во заштитено подрачје.

(7) Пред донесување на решението од ставот (6) на овој член, Државниот инспекторат за животна средина врши увид во инсталацијата и нејзината работа заради утврдување на исполнувањето на обврските од оперативниот план како и барањата утврдени во А - интегрираната еколошка дозвола за усогласување на оперативен план.“

(8) Врз основа на известувањето од ставот (5) на овој член, градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје, донесуваат решение со кое се издава Б-интегрирана еколошка дозвола во согласност со членовите 126 и 127 ставови (2), (3) и (5) од овој закон.

(9) Пред донесувањето на решението за издавање на Б – интегрирана еколошка дозвола од страна на градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје, овластен инспектор за животна средина врши увид во инсталацијата и нејзината работа заради утврдувањето на исполнувањето на обврските од оперативниот план, како и барањата утврдени во Б - интегрираната еколошка дозвола за усогласување со оперативен план.“

Член 145

**Општи одредби**

(1) Секое правно или физичко лице, кое е сопственик или врши дејност во производствен, транспортен или во систем за складирање (во натамошниот текст: систем) во кој се присутни опасни супстанции во количества поголеми или еднакви на пропишаните гранични вредности (прагови) определени со прописот од ставот (2) на овој член (во натамошниот текст: оператор), е должно:

- да ги преземе сите мерки неопходни за спречување на хавариите и за ограничување на нивните последици врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето пропишани со овој закон и
- за преземените мерки да го известува органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува опасните супстанции од ставот (1) на овој
член, гранични вредности (прагови) за присуство на опасните супстанции и критериумите или својствата според кои супстанцијата се класифицира како опасна.

Formatted: Centered

Член 146

**Исклучоци**

Formatted: Centered

Одредбите од оваа глава не се однесуваат на:

- инсталациите и складиштата на вооружените сили на Република Македонија;
- опасностите предизвикани од јонизирачки зрачења;
- транспортот на опасните супстанции по јавните патишта, железницата, внатрешните водни патишта или воздухот и нивното привремено складирање, освен во системите на кои се однесува овој закон, вклучувајќи го и нивното товарење и истовар и транспортот до и од друго превозно средство на доковите, пристаништата за стока или ранжирните станици;
- транспортот на опасните супстанции по цевководите, вклучувајќи ги и пумпните станици, освен во системите на кои се однесува овој закон и
- екстрактивните индустриски дејности (како, на пример, истражување и експлоатација на минерални суровини), доколку спречувањето и контролата на хавариите при вршењето на овие дејности е уредено со посебен закон.

„Член 146 - а
Меѓуресорска соработка

(1) Со цел да се обезбеди меѓуресорска соработка за следење на активностите за спречување и контрола на хавариите со присуство на опасни супстанции, Владата на Република Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина формира меѓуресорско тело за спречување и контрола на хаварии со присуство на опасни супстанции.

(2) Меѓуресорското тело за спречување и контрола на хаварии со присуство на опасни супстанции се состои од единаесет члена, и тоа по еден член од: органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, органот на државната управа надлежен за работите од областа на управување со кризи (Центар за управување со кризи), органот на државната управа надлежен за работите од областа на заштита и спасување ( Дирекција за заштита и спасување), органот на државната управа надлежен за работите од областа на транспортот и врските, органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството, органот на државната управа надлежен за работите од областа на внатрешни работи, органот на државната управа надлежен за работите од областа на одбраната, органот на државната управа надлежен за работите од областа на трудот, органот на државната управа надлежен за работите од областа на земјоделството, шумарството и водостопанство, државен инспекторат за техничка инспекција и Заедницата на единиците на локална самоуправа.

(3) Стручно – административните и техничките работи за меѓуресорското тело ги врши органот надлежен за вршење на стручни работи од областа на животната средина од член 160 од овој закон.“

Член 147
**Известување**

(1) Операторот е должен да доставува известување до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во врска со системите во кои се присутни опасни супстанции, и тоа:

3) во рок од три месеца пред започнувањето со градба или пред отпочнувањето на новите системи со работа и

4) во рок од една година од денот на отпочнувањето на примената на одредбите од оваа глава, за постоечките системи.

(2) Известувањето од ставот (1) на овој член задолжително треба да ги содржи следниве податоци:

1) името на фирмата на операторот и целосната адреса на системот на која се однесуваат обврските за спречување и за контрола на хавариите;

2) името и статусот на лицето кое е одговорно за спроведувањето на обврските за спречување и за контрола на хавариите во системот;

3) информации потребни за целосна идентификација на опасните супстанции или на видот на супстанциите кои се користат во системот, како и нивното количество и физичка состојба;

4) дејноста што се врши или се предвидува да се врши во системот и

5) карактеристиките на локацијата на којашто е сместен системот (особено елементите што имаат потенцијал да предизвикаат хаварија или да ги влошат последиците од истата).

(3) Во случај на значителна промена на количеството или на физичката состојба на присутната опасна супстанција од ставот (2) точка 3 на овој член, како и на трајно затворање на системот, операторот е должен, без одлагање, да го извести органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина за изменетата ситуација.

(4) Известувањето од ставот (1) на овој член, операторот е должен да го достави и до градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје.

Член 148
**Извештај за мерките за безбедност**

(1) За системите во кои опасните супстанции се присутни во пропишаните количества,
операторот треба да изготви извештај за мерките за безбедност, од кој органот на

државната управа надлежен за работите од областа на животната средина може недвосмислено да заклучи дека:

1) се предвидени мерки и активности за спречување на хаварии и систем за управување со безбедноста;

2) опасностите од можните хаварии се определени и дека се преземени неопходните мерки за спречување на такви несреќи и за ограничување на нивните последици по животот и здравјето на луѓето и животната средина;

3) се вклучени пропишаните мерки на безбедност и сигурност во проектирањето, изградбата, работата и во одржувањето на системот и

4) се изготвени внатрешни планови за вонредни состојби и дека се обезбедени информации со кои е овозможено изготвување на надворешен план.

(2) Извештајот за мерките за безбедност од ставот (1) на овој член мора да содржи доволно информации врз основа на кои надлежниот орган може да ги одреди локациите за новите активности во близината на постоечките, при изработката на просторните и на урбанистичките планови. Извештајот треба да содржи список на опасни супстанции кои се присутни во системот.

(3) Операторот е должен извештајот за мерките за безбедност од ставот (1) на овој член и внатрешниот план за вонредни состојби од ставот (1) точка 4 на овој член, да ги достави до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и до градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје, и тоа:

1) во рок од три месеца пред започнувањето со градба или отпочнувањето на новите системи со работа и

2) во рок од две години од денот на отпочнување на примената на одредбите од оваа глава, за постоечките системи.

(4) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина го одобрува извештајот за мерките за безбедност, во рок од шест месеци од доставувањето на извештајот за мерките за безбедност од страна на операторот.

(5) Извештајот за мерките за безбедност од ставот (1) на овој член, периодично се анализира и обновува најмалку на секои пет години, а и порано по иницијатива на операторот или по барање на надлежниот орган, кога тоа произлегува од сознавањето нови факти или кога треба да се земат предвид новите научни и технички знаења во врска со подобрувањето на безбедноста.

(6) Извештајот за мерките за безбедност од ставот (1) на овој член треба да и биде достапен на јавноста. Доколку таквиот извештај содржи информации со кои се повредува индустриската и комерцијалната доверливост или доверливоста на личните податоци, јавната безбедност или националната одбрана, а по дадена согласност од органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, операторот може да стави на увид друг извештај во којшто нема да бидат содржани таквите податоци.

(7) Содржината на извештајот за мерките на безбедност ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

Член 149

**Промени во системот или промени во видот или во количеството на супстанциите**

Во случај на промена во системот, процесот на производство или на видот или количеството на опасни супстанции, кои би можеле да предизвикаат хаварија, како и траен престанок на работата, операторот е должен да изврши анализа и ревизија на мерките за безбедност и на активностите за спречување на хаварии, како и на извештајот за мерките за безбедноста и за тоа да го извести органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

Член 151

**Информации кои се доставуваат од страна на операторот во случај на хаварија**

(1) Операторот е должен за настанатата хаварија, веднаш, да го извести органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и штом ќе бидат достапни, да му ги достави податоците кои се однесуваат на:

1) околностите во кои се случила хаваријата;

2) присутните опасни супстанции за време на и после хаваријата;

3) податоците потребни за проценување на последиците по здравјето на луѓето и по животната средина, до кои дошло како резултат на хаваријата и

4) преземените вонредни мерки.

(2) Операторот е должен за мерките предвидени за ублажување на среднорочните и на долгорочните последици од хаваријата и за спречување на можностите за повторување на хаваријата, да го извести органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Доколку во натамошната истрага се откријат дополнителни факти кои би предизвикале измена на предвидените мерки и активности, операторот истите треба да ги дополни .

(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен, по пат на увид, истражувања или на друг погоден начин, како и со соработка со други надлежни органи на државната управа, градоначалникот на општините и градоначалникот на градот Скопје, да ги обезбеди сите неопходни информации за целосна анализа на техничките, организационите, управувачките и други причини кои довеле до хаваријата.

(4) Операторот е должен информациите од ставовите (1) и (2) на овој член за настанатата хаварија, веднаш, да ги достави и до градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје, како и до другите органи и тела определени со закон кои се надлежни за преземање мерки во рамките на системот за заштита и спасување.

Член 152

**Обврски на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина**

(1) Врз основа на известувањата кои се поднесуваат од страна на операторите, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен да установи и да одржува Регистар на системите со присуство на опасни супстанции и да води евиденција на настанатите хаварии.

(2) Содржината и формата на Регистарот од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.“

(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина со решение ја забранува употребата или отпочнувањето со работа на кој било систем или на некој негов дел, во случаите кога мерките преземени од операторот за спречување и за ублажување на хавариите имаат сериозни недостатоци или при нивното изготвување не се земени предвид укажувањата, ставовите и мислењата на надлежниот орган.

(4) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина со решение ја забранува употребата или ставањето во употреба на постројките, инста-лациите или на складовите, или некој нивен дел, доколку операторот во одредениот период не достави известување, извештаи или други информации пропишани со овој закон.

(5) Операторот може да поднесе жалба против решението од ставовите (2) и (3) на овој член до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

(6) Жалбата од ставот (5) на овој член не го одложува извршувањето на решението.

Член 156

**Прекугранични ефекти од хавариите и прекугранична соработка**

Во случај на хаварија на систем што се наоѓа на територијата на Република Македонија, којашто би можела да има прекугранични ефекти, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ќе им ги достави на потенцијално засегнатите држави сите информации кои се неопходни за преземање на потребните активности и мерки за безбедност, дури и тогаш кога надлежните органи на потенцијално засегнатите држави не го побарале тоа.

Член 208

**Постапка за вршење на инспекциски надзор**

(1) Инспекцискиот надзор над правните и физичките лица коишто вршат активност која има или е веројатно дека има влијание врз животната средина се врши како редовен , вонреден и контролен инспекциски надзор, како и се врши и по добиена пријава и/или сознание од страна на други државни органи, организации, институции, правни и физички лица, како и од средствата за јавно информирање.

(2) Директорот на Државниот инспекторат за животна средина, односно градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општината во градот Скопје, се должни секоја година да донесуваат програма за вршење на инспекциски надзор од ставот (1) на овој член најдоцна до 31 декември во тековната година за наредната година.

(3) Програмата од ставот (2) на овој член градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општината во градот Скопје, го доставуваат до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(4) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, ја пропишува содржината, формата и начинот на донесување на програмата за вршење на инспекциски надзор.

(5) Во вршењето на инспекциски надзор, државниот и овластениот инспектор во рамките на својата надлежност, утврдена со овој и другите закони е самостоен и независен во вршењето на инспекцискиот надзор и во преземањето на управни и други мерки утврдени со закон.

(6) Државниот инспектор е овластен да врши инспекциски надзор над правни и физички лица, во секое време и на лице место, без претходна најава во деловните простории, инсталациите, објектите, како и на средствата и опремата за вршење на активноста за која е потребно А-интегрирана еколошка дозвола и за кои е потребна Б-интегрирана еколошка дозвола согласно со членот 95 од овој закон, како и врз правните и физички
лица кои вршат активности и дејности во согласност со прописот од членот 24 став (4) на овој закон.

(7) Овластениот инспектор за животна средина на општината и овластениот инспектор за животна средина на градот Скопје е овластен да врши инспекциски надзор, над правни и физички лица, во секое време и на лице место, без претходна најава во деловните простории, инсталациите, објектите, како и на средствата и опремата за вршење на дејноста и активноста за кои е потребно Б-интегрирана еколошка дозвола.

(8) Овластениот инспектор за животна средина на општината и овластениот инспектор за животна средина на општините во градот Скопје е овластен да врши инспекциски надзор над правни и физички лица, во секое време и на лице место, без претходна најава во деловните простории, инсталациите, објектите, како и на средствата и опремата за вршење на дејноста и активноста за кои не е потребна интегрирана еколошка дозвола.

(9) За определени работи за кои согласно со одредбите од овој или друг закон се утврдени како надлежност на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, државниот инспектор може да врши надзор и над инсталациите со Б-интегрирани еколошки дозволи, како и над објектите кои вршат други активности и дејности.

(10) Државниот инспектор е овластен да врши инспекциски надзор во секое време и на лице место, без претходна најава во деловните простории, инсталациите, објектите, како и на средствата и опремата за вршење на дејноста и активноста за кои е потребно Б-интегрирана еколошка дозвола и за други активности за кои не е потребна интегрирана еколошка дозвола, доколку добие сознание или е известен дека овластениот инспектор за животна средина не постапил по основ на добиена пријава и/или сознание од страна на други државни органи, организаци, институции, правни и физички лица, како и од средствата за јавно информирање.

(11) Доколку овластениот инспектор за животна средина при вршењето на инспекцискиот надзор утврди дека има неправилности во поголем обем или во инсталациите со А интегрирана еколошка дозвола, или кај друго правно и физичко лице, должен е без одлагање да го информира Државниот инспекторат за животна средина.

(12) По жалба против одлуките на државниот инспектор одлучува Комисија за решавање во втор степен по жалби на решенија издадени од Државниот инспекторат за животна средина составена од три члена именувани од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(13) За претседател на Комисијата од ставот (12) на овој член задолжително се именува раководен државен службеник вработен во Државниот инспекторат за животна средина, кој не бил вклучен во вршењето на инспекцискиот надзор.

(14) За членови на Комисијата од ставот (12) на овој член се именуваат од редот на вработените во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина од кој еден е дипломиран правник.

(15) По жалба против одлуките на овластениот инспектор одлучува посебна комисија составена од три члена именувани од градоначалникот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

(16) За претседател на Комисијата од ставот (15) на овој член задолжително се именува раководен државен службеник вработен во инспекциските служби на општината , општините во градот Скопје и градот Скопје кој не бил вклучен во вршењето на инспекцискиот надзор.

(17) За членови на Комисијата од ставот (15) на овој член се именуваат од редот на вработените во општината од кој еден е дипломиран правник.

(18) Жалбата од ставот (12) на овој член не го одлага извршувањето на решението, ако со одлагањето би настанала опасност за загрозување на животната средина и животот и здравјето на луѓето.

Член 212-в

**Порамнување**

(1) За прекшоците утврдени во членот 212-ѓ и 212 – е од овој закон, државните и овластените инспектори се должни на сторителот на прекршокот да му предложат постапка за порамнување пред да поднесат барање за прекршочна постапка.

(2) Кога сторителот на прекршокот е согласен за поведување на постапка за порамнување, државниот/овластениот инспектор составува записник во кој се забележуваат битните елементи на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието на прекршокот и лицата затекнати на самото место.

(3) Во записникот се утврдува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторувањето на прекршокот.

(4) Државниот и овластениот инспектор можат да му предложат на сторителот надминувањето на последиците од прекршокот да се стори со вршење или сторување на општокорисна работа или доделување на средства за вршење општокорисна работа.

(5) „Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина го утврдува видот на општокорисната работа, начинот на избор на примателите, начинот на нејзиното доделување, извршување и контрола. Висината на средствата наменети за општокорисна работа не може да биде повисока од висината на пропишаната глоба за прекршокот

(6) Државниот и овластениот инспектор можат во постапката за порамнување на сторителот на прекршокот да му дадат платен налог.

(7) Доколку сторителот го прими платниот налог, е должен истиот да го потпише. Примањето на платниот налог од сторителот на прекршокот се забележува во записникот.

(8) Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и платниот налог го потпишува службено, односно одговорното лице кое се нашло на лице место при инспекцискиот надзор или друго службено или одговорно лице кое изјавило дека има право да го потпише записникот и да го прими платниот налог.

(9) Изјавата од ставот (8) на овој член се забележува во записникот.

(10) Државниот и овластениот инспектор се должни да водат евиденција за покренатите постапки за порамнување и за нивниот исход.

Член 212-ж

**Прекршоци од III категорија**

(1) Глоба во износ од 70.000 до 100.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на правното лице за прекршок доколку:

1) произведува и испушта загадувачки материи и супстанции во животната средина, коишто ги надминуваат пропишаните норми, како и не постапува со нивна пропишаниот начин (член 20);

2) врши увоз, извоз и транзит во/од/низ Република Македонија на опасните супстанции, штетните материи и производи, спротивно на забраната, ограничувањето или контролата од членот 22 на овој закон;
3) емисиите на супстанциите определни во дозволата не се испуштаат согласно со определените гранични вредности (член 107);
4) проектот не се спроведува во согласност со мерките утврдени во решението со кое се дава согласност за спроведување на проектот (член 87 став (2));
5) не е добиена А или Б-интегрирана еколошка дозвола согласно со закон и/или операциите во инсталацијата не се спроведуваат согласно со условите утврдени во интегрираните дозволи (членови 95, 123 и 127);
6) емисиите на супстанциите определни во дозволата за усогласување не се испуштаат согласно со определените гранични вредности (членови 134, 137, 138 и 139);
7) емисиите што се испуштаат или истекуваат во животната средина не се во рамките на определените гранични вредности утврдени со овој или друг закон или пропис донесен врз основа на закон;
8) не е доставено известување за присуство на опасни супстанции и/или тоа не е сторено во определениот рок (член 147);
9) не е изготвен извештај за мерките за безбедност со соодветна содржина, и/или не е доставен во соодветен рок и/или не е соодветно анализиран и обновуван
во определениот рок (член 148);
10) не се преземени неопходните мерки за спречување на хаварии и за ограничување на последиците врз животот и здравјето на луѓето, во производствениот, транспортниот или во системот за складирање во кој се присутни опасни супстанции, во количества поголеми или еднакви на пропишаните (член 148 став (1) точка 2);
11) не е е извршена анализа и ревизија на мерките за безбедност u1080 и активностите за спречување на хаварии, како и на извештајот за мерките за безбедност и за тоа не е известен надлежниот орган (член 149);
12) надлежниот орган не е известен, веднаш, за настанатата хаварија и не му се доставени веднаш штом станале достапни податоците за околностите во кои се случила несреќата, опасните супстанции кои се присутни, податоците кои се потребни за проценување на последиците од несреќата по здравјето на луѓето и по животната средина, како и за преземените вонредни мерки (член 151 ставови (1) и (4));
13) надлежниот орган не е известен за мерките предвидени за ублажување на среднорочните и на долгорочните последици од хаваријата и за спречување на хаваријата и/или не ги дополни предвидените мерки и активности со дополнителни факти откриени во истрагата (член 151 став (2));
14) не е изготвен внатрешен план за вонредни состојби и не е доставен на надлежниот орган во согласност со членот 154 од овој закон;
15) не се анализирани и тестирани, обновувани и ревидирани внатрешните планови за вонредни состојби, водејќи сметка за новите технички достигнувања на полето на справувањето со хавариите, во период не подолг од три години (член 154 став (9));
16) не постапило согласно со членот 157 од овој закон во случај на штета врз животната средина предизвикана од работата на инсталациите (член 157) и
17) покрај ограничувањето или забраната за работа изречена од државниот инспектор правното или физичкото лице продолжило со своите активности, или не ги ограничува своите емисии сé додека квалитетот на животната средина не биде доведен во рамките на утврдените стандарди за квалитет.

(2) Глоба во износ од 8.000 до 13.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска про-тивврeдност ќе се изрече на службеното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) точки 3, 6, 8, 9, 10, 11, 12, 13 и 15 на овој член.

(4) Надлежен орган за изрекување на прекршочните санкции од ставовите (1), (2) и (3) на овој член е надлежниот суд.

(5) Доколку поради прекршокот од ставот (1) на овој член настане поголема штета врз животот и здравјето на луѓето се изрекува санкција сразмерна на причинетата штета, но најмногу до седумкратен износ од износот утврден во ставот (1) од овој член.

(6) За прекршокот од ставот (1) на овој член на правното лице од став (1) точка 17 на овој член му се изрекува дополнителна санкција забрана на вршење на дејност на правното лице.

(7) Кога прекршокот од ставот (1) на овој член е сторен исклучиво сторителот за себе или за друго лице да прибави имотна корист, надлежниот суд ќе изрече глоба во висина од 130.000 евра во денарска противвредност.

(8) Доколку се утврди дека прекршокот од ставот (1) на овој член е сторен од организирана група на лица составена од најмалку три лица, надлежниот суд може да изрече глоба во висина од 150.000 евра во денарска противвредност.